Република Македонија
Инспекциски совет

Бр. 04-1268/1
Скопје, 21. 12. 2018 год.

Даме Груев, бр. 3, бл.2, лок.5
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: 02 3121 077
Факс: _______________
Е-пошта:
inspekciski.sovet@gmail.com
Веб страна: www.is.gov.mk

ДО

-СИТЕ ВРАБОТЕНИ ДО ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

**Предмет:** Известување
**Врска:**

Почитувањето на достоинството, интегритетот на личноста и здравјето на вработените и работно ангажираните лица во Инспекцискиот совет се императив и законска обврска на Инспекцискиот совет заради обезбедување на здрава работна средина.

Воедно и секој вработен во Инспекцискиот совет има обврска да ги почитува правилата на работниот ред и дисциплина и општите начела на коректно и пристојно однесување кон другите врабитени, колеги и претпоставени на работното место, со давање на сопствен придонес во создавањето на работна атмосфера на тимска работа и соработка, без било каков облик на психичко и полово вознемирување.

Инспекцискиот совет укажува дека во услови на непочитување на наведените начела на однесување и предизвикување на спорен однос меѓу вработените, кој по својата содржина значи вознемирување на работното место, вработениот има законски утврдено право да бара заштита согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013 и 147/2015)..

Со цел вработените во Инспекцискиот совет да бидат целосно запознаени со одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013 и 147/2015), како и со правата, обврските и одговорностите на работодавачите и вработените во врска со спречување на психичко и полово вознемирување на работното место и местото на работа, на огласната табла на Инспекцискиот совет ќе биде истакнато ова Известување, заедно со испечатениот текст на Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013 и 147/2015).

Ова Известување, заедно со Законот, ќе биде доставено во е-форма на е-адреса на секој вработен во Инспекцискиот совет, посебно.

Со почит,

**Претседател на Инспекциски совет**
**м-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

Република Македонија Инспекциски совет Скопје

Изработил: Елизабета Кучера, советник
Одобрли, Даниела Рендевска, генерален секретар